# РАЗВИВАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТА ВО СПОРТОТ

Анита Армаганијан-Тасевска

# Развивање на креативноста во спортот

Спортот припаѓа на онаа мала група на дејности во кој постои можност за творење, креирање и равивање на создавачките творечки потенцијали на личноста.

Во нашиот спорт, чие основно обележје е Хуманизацијатаспортистите се подигнуваат над потребата за одржување на здравјето, како и постигнувањето на спортски резултати и зголемување на физичките способности поради општетсвени и лични цели и се насочуваат кон слободна творечка активност која им овозможува да ги искажат и човечките ентитети и нејзината моќ над природата.

# Развивање на креативноста во спортот

Од особено значење е системското оспособување на спортистите за креативност во полг временски период на обучување и тренирање.

При тоа треба да се тежнее кон развивање на кристална интелигенција, која ќе насочи кон интелигенцијата на спортистите, која е независна од образованието и воспитанието во тренингот.

Во процесот на формирање на творењето кај спортистите, потребно е да се познава општата шема на креативниот процес и спрема неа да се постави системот на вежбање.

## Развивање на креативноста во спортот

На тој начин во текот на повеќе годишното работење (се мисли на периодот на обучување од 7 до 15 години) ќе се влијае врз развојот на шемата кај спортистите.

**Општата шема на креативниот процес за спортистите го има следниот изглед:**

I. Когнитивни способности –откривање, препознавање, сфаќање, разбирање на елементите, а услови се: општа радозналост, сфаќање на причините и спремност за откритие;

II. Конвергентно мислење –учење на нови решенија, идеи и релации, откривање на најдобри решенија, импровизација во рамките на автоматизацијата, а услови се: разни решенија, барање на алтернативи и изведување на нови решенија врз основа на старите и импровизација.

# Развивање на креативноста во спортот

III.Дивергентно учење – истражување на многу можности и варијанти, решавање на задачи, проблеми и ситуации.

За таа цел потребно е да се изгради и постави нова дидактика и методика на тренажниот процес, односно да се мисли и да се работи на нов начин.

Сето ова бара вложување на големи напори на многу тренери и стручњаци и систематски да се работи кон развивање на творештвото, кое е одлучувачки фактор во развојот на спортовите.